# Тефтерчиња со мисла за книгата и читањето

Објавено од м-р Гордана Ѓорѓиевска - Неделковски
Петок, 22 Октомври 2021 11:32 -

На ден 20.10.2021 година се одржа втората работилница во просториите на НУУБ „Св. Климент Охридски“- Битола во која учество зедоа учениците од четврта година графичка струка, графички техничари под менторство на професорките Весна Мундишевска-Велјановска и Катерина Спасовска-Маурдева. При посетата на библиотеката учениците има можност да се запознаат со работата на секторите во библиотеката, а воедно да видат и како течи процесот на реставрација на книги, која им ја покажа библиотекарски помошник Јулијана Христовска-Кулевска од заштита и репрографија на книгата.

Потоа учениците започнаа со втората фаза од работилницата во која извршија опшивање и режење на тефтерчињата.

Преку оваа работилница учениците имаа можност да учат, да се забавуваат, но воедно да видат дека нивната струка е доста побарувана на пазарот на трудот. За реализација на овие соработки директорот на СОУ„Таки Даскало“-Битола Добре Босилковски и директорот на НУУБ„Св. Климент Охридски“-Битола Бојан Стефановски потпишаа меморандум за соработка.

Подготвил м-р Гордана Ѓоргиевска-Неделковски

Повеќе погледнете на
следиот линк